# FinFluencers

Young Financial Influencers

Ко-финансирано од Европска Унија

NEWSLETTER 01



# Позитивно влијание врз финансиската писменост и претприемачкиот потенцијал кај младите луѓе

**Финансиската писменост е клучна вештина за учество во современото општество. Младите луѓе растат во се' покомплексен свет каде што ќе треба да ја преземат одговорноста за сопствената финансиска идинина**

Проектот “FinFluencers” има за цел да создаде, развие и понуди онлајн обуки на младите луѓе од 19 до 29 години, за да ги поддржи во донесување информирани и сигурни финансиски одлуки како економски чинители, потрошувачи, професионалци, претприемачи и вработени, земајќи предвид дека постои директна позитивна врска меѓу нивото на финансиска писменост и благосостојбата на луѓето.

Проектот, кој започна на крајот од 2021 година, ќе се одвива во текот на 24 месеци и ќе создаде методологија, алатки, водичи кои ќе придонесат за подобрување на финансиската писменост на младите во државите учеснички.

**Проектот FinFluencers работи кон подобрување на нивото на финансиска писменост кај младите лица (19-29 години)**

BICC BUSINESS INFORMATION AND CONSULTING CENTRE - SANDANSKI · militos · OTB EUROPE · PROMO idec



**ФИНАНСИСКАТА ПИСМЕНОСТ НА МЛАДИТЕ ИМ ОВОЗМОЖУВА ДА:**

- ✓ го разберат функционирањето на општеството во контекст на финансиите
- ✓ ги разберат финансиските ризици и можности
- ✓ носат рационални одлуки, врз база на релевантни информации
- ✓ знаат каде може да добијат помош во врска со финансиите
- ✓ преземаат чекори за зголемување на личната благосостојба
- ✓ стекнат финансиска независност

## Ги покануваме младите финансиски инфлуенсери во дигитална средина за обука

Секој од партнерите го спроведе истражувањето на национално ниво, следејќи ја заедничката методологија, упатства и алатки. Партнерите, исто така, имаа за цел да ги идентификуваат постоечките добри практики и успешни иницијативи за финансиска писменост и финансиска едукација кои веќе се достапни за младите луѓе на национално ниво.

Истражувањето беше спроведено во периодот февруари - април 2022 година, кое се состоеше најпрво од интернет истражување на веќе постоечки информации и ресурси во врска со темата.

Методологијата за спроведување на истражувањето вклучуваше и анализа на мислењето и на секундарната целна група на проектот, имено експерти, обучувачи, и претставници на организации и компании кои работат со млади луѓе на различни теми.

Претставници од оваа целна група, учествуваа во индивидуални интервјуа, како и во општи дискусии преку учество во фокус групи.

Вкупно, беа формирани 8 групи во четирите држави, каде што секоја се состои од најмалку 10 лица.

ЛИЧНИ ЗАШТЕДИ | ДАНОЦИ | КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ | ИНВЕСТИЦИИ | Е-БАНКАРСТВО | КРЕДИТИ | БУЏЕТИРАЊЕ

## ДОСЕГА СЕ ДОБИЕНИ СЛЕДНИТЕ ПОДАТОЦИ ОД ЧЕТИРИТЕ ЗЕМЈИ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО:

Нивото на финансиска писменост на населението во Бугарија, Грција и Република Северна Македонија е пониско од просекот во Европската Унија.

Младите луѓе (на возраст од 18-29 години) имаат послаби резултати во однос на финансиската писменост и финансиските ставови. Тие исто така имаат послабо финансиско знаење и имаат помалку претпазливо финансиско однесување.

Мнозинството луѓе сакаат да го зголемат сопственото ниво на финансиска писменост и во различни истражувања меѓу 50% и 83% даваат одговор во таа насока.

Повеќето луѓе имаат ниско ниво на познавање на основните финансиски концепти, лоши навики за штедење и недоволно разбирање на финансиските информации.

Сите земји, освен Грција, имаат развиено конкретни стратегии и акциони планови во однос на финансиската писменост и образованието.



За сеопфатен пристап кон финансиската едукација, потребна е соработка помеѓу различни актери, вклучувајќи различни засегнати страни, т.е. владини институции, даватели на формално и неформално образование, граѓански организации, финансискиот и бизнис секторот.

Онлајн или комбинираното учење е најдобриот начин за едукација на младите во областа на финансиите поради неговата флексибилност и можноста за спроведување на курсеви кои се со кратко времетраење и содржат применливи и релевантни информации за целната група.

Посетете ја нашата веб-страна! **www.finfluencers.com**

Следете не' на Фејсбук! **FinFluencersProject**

Поддршката на Европската Комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на нејзината содржина која ги одразува единствено гледиштата на авторите и Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба на информациите содржани во истата.